

# РЕЗБАТА

## ВО МАКЕДОНСКАТА КУЌА



# РЕЗБАТА
## ВО МАКЕДОНСКАТА КУЌА
### од XIX и почетокот на XX век



*Изглед на колце изработено
во ажурна резба,
XVIII век, Дебар
(60 x 8,5 см)*

Нашите најпознати резбари декорираат иконостаси во црквите на манастирите Гаврило Лесновски, Св. Јован Бигорски и Св. Спас во Скопје кои потекнуваат уште од почетокот на XIXвек.

Авторството и датирањето на иконостасите во нашите најпознати манастирски цркви се темелат на повеќедецениски истражувања, што ќе продолжат и во иднина, бидејќи не постојат пишани документи за точното време на нивната изработка. Уште помалку конкретни докази постојат за изработените резбани делови од ентериерот на македонската куќа од истиот период.

Резбаните предмети покажуваат јасно дека се изработени во иста уметничка традиција, дело на мајстори кои учеле во еден уметнички центар. Нијансите се добиваат во однос на личното видување на одделни мајстори, нивната техничка подготвеност и нивото на уметничка наобразба.

Поврзаноста на работата на мајсторите резбари кои работеле на иконостасите со изработката на резба во куќите, се потврдува и со податоците што говорат за изработката на деловите за иконостасите во соседните куќи во близина на црквите, при што постоела голема веројатност токму во тие куќи да бидат вметнати делови на резба.[2]

Развојот на градовите во почетокот на XIX век овозможи развој на занаетчиството, трговијата, а со тоа и на градителството, со што македонските градови станаа и културни центри. Поради зголемената изградба на цркви и куќи во овој период, се појави потребата од нивно внатрешно украсување, со што се усоврши и копаничарскиот занает, најмногу со создавање на иконостаси и други делови од ентериерот на црквите и куќите. Најголем број од копаничарските творби се создадени во текот на XIX век. Во црквите тие ги изработувале иконостасите, владичините столови и амвоните, како и

*Цртеж на колце изработен во плитка резба, XIX век, Кратово (23 x 2.5 см)*



[2] Траичев Г. - Град Прилеп, София, 1925г., стр. 80



*Цртеж на резбана таваница изработена во плитка резба, XIX век, Скопје (5,24 x 5,1o м)*

CIP - Каталогизација во публикација
Народна и универзитетска библиотека "Св. Климент Охридски", Скопје

745.511(497.17)(06.064)

НАМИЧЕВ, Петар
Резбата во македонската куќа : од 19 и почетокот на 20 век / [автор на изложбата и текст, каталошка обработка Петар Намичев ; превод на англиски Нада Андоновска]. - Скопје : Музеј на Македонија, 1998. - [60] стр. : илустр. ; 21 cm

ISBN 9989-9713-3-1